Глобален деловен јазик
Македонија

# GS1 е-Инфо

No. 8– декември 2013




## СОДРЖИНА:

**Промоција на успешно завршениот Пилот-проект *„Со GS1 DataBar - от - обезбедена следли-вост на производите до самото наплатно место”*........................... 2**

**Искуства на учесниците во Пилот проектот ...... 7**

Млекара АД Битола ........7

Идеал Шипка ДООЕЛ .....7

ИМП Солета ДООЕЛ ......8

Промес ДОО ...................8

Веропулос ДООЕЛ .........9

Сигма-СБ ........................9

Ултра ДООЕЛ ...............10

**Новогодишна честитка од тимот на GS1 Македонија ................ 11**

## Почитувани читатели на е-ИНФО на GS1 Македонија

*Пред крајот на 2013 година би сакала да изразам искрена благодраност до сите Вас, кои со внимание ги следвте презентираните содржини во нашето електронско списание и бевте задоволни со инфорамциите кои Ви ги понудивме.*

*Во текот на 2013 година тимот на GS1 Македонија беше постојано на располагање на своите членки, посветен на едукација и стручна помош секогаш кога тоа беше потребно, како би ги совладале пречките во тековното работење во однос на правилната имплементација на GS1 стандардите и би се оспособиле за деловно работење во земјата и светот со примена на GS1 стандардите.*

*Нашиот успешен развој во изминатата година не би бил возможен без Вашата поддршка.*

*Со ова декемвриско издание на нашето електронско списание го завршуваме серијалот од 4 последователни броја посветени на новата генерација бар кодови - GS1 DataBar-от и неговата промоција на практична апликација пред бизнис заедницата од прехранбената индустрија на настанот одржан на 11.12.2013.*

*Неговата симбологија за предизвикување „P“ еволуција на наплатните места како **иновација за справување со актуелните глобални процеси** на обезбедување следливост, заштита на потрошувачот, намалување на отпадот на прехранбените продукти со поминат рок или со детектирана грешка, ја иницираше и мојата „P“еволуционерна порака до Вас:*

***Следната 2014 година нека биде исполета со нови знаења, искуства, енергија и успешни резултати!***

***Новата година нека Ви донесе нови можности да постигнете тоа што го сакате, да тоа што го правите го правите најдобро што можете, да пронајдете нови правци за Вашиот бизнис да биде поуспешен а Вие лично бидете посреќни.***

***Време е за иновации! Добредојдовте во светот на нови можности! Искористете ги бенефитите кои Ви ги нуди GS1 системот за стандарди.***

***Во мое лично име, во име на Управниот одбор и во име на тимот на GS1 Македонија, Ви посакуваме среќна и успешна 2014 година.***



**Слаѓана Милутиновиќ,**
Извршен директор

# Промоција на успешно завршениот Пилот-проект „Со GS1 DataBar -от - обезбедена следливост на производите до самото наплатно место“

GS1 Македонија изврши промоција на Пилот-проектот „Со GS1 DataBar -от обезбедена следливост на производите до самото наплатно место“ на 11.12.2013 година. Со тоа, за прв пат во Република Македонија и во поширокиот регион, беше направена демонстрација низ практични примери како може со примена на GS1 системот на стандарди, без големи финансиски трошоци, да се понуди решение за обезбедување на законски задолжителната следливост на прехранбените производи до самата каса, нивно брзо и ефикасно повлекување од дистрибутивниот синџир во случај на изминат рок или некоја грешка. Тоа ќе придонесе за заштита на здравјето и квалитетот на животот на потрошувачите, а на сите учесници во дистрибутивниопт синџир ќе им овозможи зголемена ефикасност, профитабилност и конкурентност.



Директни учесници во Пилот-проектот се: од млечната индустрија **Млекара АД** и **Идеал Шипка ДООЕЛ** од Битола; од месната индустрија **ИМП Солета ДООЕЛ** и **Промес ДОО** од Скопје; од трговијата - синџирот маркети **Веропулос ДООЕЛ,** а софтверските решенија се изработени од страна на **Ултранат Ултра ДООЕЛ** и **Сигма –СБ ДООЕЛ** од Скопје. Производителите ги означија своите производи со новата генерација бар кодови GS1 DataBar, Веропулос овозможи да се спроведе комплетното тестирање на Пилот проектот (читање на GS1 DataBar-от на скенерите на каса), а софтверските куќи со своите имплементирани софтверски решенија овозможија успешно да се заврши проектот.



Промоцијата предизвика голем интерес. Потврда за тоа е присуството на над 140 учесници од бренд компании од прехранбената индустрија, големите маркети, дистрибутивните куќи, како и гости од соседните GS1 организации од Србија, Хрватска и Словенија, менаџерите на Panteon Group Словенија и Србија, како и членовите на Управниот одбор на GS1 Македонија. Поддршка на Пилот проектот дадоа и со своето учество го подигнаа нивото на настанот Абдулезел Догани, заменик директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, М-р Јелисавета Гергиева, извршен директор на

Комората, М-р Маријана Лончар Велкова, претседател на Организацијата на потрошувачите.

Присутните ги поздрави г-дин Симон Наумоски, претседател на GS1 Македонија и претседател на УО на ПИ Витаминка АД – Прилеп:



"Само со воведувањето на нови стандарди може да се следат барањата на потрошувачите и да се успее на странските пазари. Јас лично како долгогодишен раководител на Витаминка, секогаш сум ги поддржувал напредните и развојни идеи. За секоја пофалба е што GS1 Македонија навремено ги информираше своите членки дека доаѓа една нова ера во баркодирањето, а фирмите директни учесници во Пилот проектот имаа визија и први ја прифатиле и искористиле можноста да го подобрат своето работење. Сведок сум последниве години на се поголемото препознавање на значајот на GS1 како светски систем на стандарди кај нас, кој, поради бенефитите кои се евиденти за нашиот пробив на странските пазари, го прифатија и производителите и дистрибутерите и големите синџири маркети. Како што потпишавме Меморандум за соработка со големите синџири маркети и дистрибутери, така очекувам дека GS1 стандардите во наредниот период ќе бидат дел од подзаконските акти/правилници кои ја регулираат безбедноста на храната во Република Македонија и заштита на потрошувачите".

Во своето обраќање Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија изјави:



"Преку воведувањето на светските стандарди во означувањето на производите како што се GS1 стандардите, компаниите го јакнат сопствениот бренд и ја подобруваат конкурентноста. Всушност, лидерството на пазарот се докажува со примената на стандардите. Сведоци сме дека изминативе неколку години наназад, македонските компаниите инвестираа средства во модернизација на процесите во самото производство и дистрибуцијата, со купување на најсофистицирани машини и воведување на модерна технологија во производството, со што го подобрија квалитетот на производите. Дури 63 отсто од својот извоз македонското стопанство го врши на пазарите на Европската унија, а

тоа е зашто произведуваат конкурентни производи според светските стандарди, Но, потребен е пробив и на други пазари. Токму активностите на македонските компании во наредниот период треба да бидат насочени кон тој правец, а за да успеат во таквата мисија неопходно е усвојување и воведување на светските стандарди. GS1 стандардот треба да го следи HACCAP-от, бидејќи бар кодовите се алатки или механизам со кој се автоматизираат процесите, се добива поголема брзина и точност.




Сигурен сум дека компаниите кои се директни учесници во Пилот-проектот, предводен од GS1 Македонија, и кои ги означиле своите производи со новата генерација бар кодови GS1 DataBar, направиле еден чекор напред пред останатите. Сите се македонски бренд компании кои имаат квалитетен производ, сите имаат имплементиран HACCAP систем кој го гарантира квалитетот на тој производ и, како круна на сето ова, сега имаат и производ кој е означен со нова генерација бар кодови GS1 DataBar кој во Европа и пошироко веќе се користи. Значи, на сите нив им се отвораат нови патишта за извоз. Се надеваме дека сите македонски компании ќе го следат овој процес".

Свое обраќање имаше и Абдулезел Догани, заменик-директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.




"Следливоста е една од главните компоненти на системот за безбедност на храна. Често се споменува HACCAP системот, следливоста е само еден сегмент на тој систем. Зборуваме за следливост според HACCAP системот кај самите производители, следливост кај дистрибутерите, следливост во трговијата до сама каса. Настојуваме кај бизнис секторот да воведе систем или механизам со кој ќе се покаже способност да во најкус можен рок се повлече некој производ од пазарот ако тоа е потребно, а со цел да се заштити потрошувачот. Токму поради тоа во GS1 Македонија најдовме партнер и подолго време соработуваме низ заеднички едукации со операторите, да секој од свој аспект даде свој придонес за подобрување на безбедност на храната и заштита на потрошувачот во Република Македонија".

Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор на GS1 Македонија, во своето обраќање истакна:



"Во светски рамки, дванаесет GS1 национални организации активно се вклучени во имплементацијата на GS1 DataBar-от: Канада, САД, Чиле, Велика Британија, Холандија, Ирска, Белгија, Германија, Полска, Австрија, Кореа и Австралија. По нивните стапки тргна и GS1 Македонија во 2011 година. GS1 Македонија со промоцијата на GS1 DataBar-от очекува имплементирањето на GS1 DataBar-от да го поддржат помасовно сите компании кои имаат визија за развој и освојување на нови пазари.

Колку побрзо ова го прифатиме ќе бидеме и поблиску до европските трендови на работење, а во сопствената држава ќе придонесеме за поголема безбедност и следливост на храната. Тоа впрочем беше и мотото кое го водеше овој Пилот-проект кон успешна реализација: Следливост и безбедност на производите пред сѐ. GS1 DataBar-от ја ревитализира индустријата и нуди голем потенцијал за идни подобрувања во синџирот на снабдување. Не случајно ние од GS1 заедницата знаеме да речеме дека со GS1 DataBar-от ќе се случи "Р"еволуција на наплатното место".



Основните елементи на Пилот проектот, поточно целите, структурата на користениот GS1DataBar, очекуваните бенефити за сите учесници, како и фазите на

реализација на  проектот беа презентирани од Билјана Рембоска, самостоен советник во GS1 Македонија:



*"Ова е само почеток. Денес го презентираме механизмот на спроведена следливост на производите од сама производна линија до каса преку нивно обележување по GS1 стандард, користејќи го GS1 DataBar-от. Нашата мисија продолжува. Ги повикуваме сите наши членки од месната и млечната индустрија, како и синџирите маркети да не поддржат во имплементацијата и тргнат по стапките на учесниците во овој Пилот проект"*

На настанот свои презентации имаа сите учесници во Пилот проектот. Во нив дадоа свое видување и комплетна поддршка на имплементацијата на новата генерација бар кодови GS1 DataBar. Нивниот заеднички став е дека GS1 стандардите имаат механизам со чија примена тие ја подобриле интерната и екстерната следливост. Со своето учество во Пилот проектот направиле еден чекор напред за подобрување на своето работење и зголемување на безбедноста на потрошувачот.

За сите нив очекувани бенефити се: побрзо и полесно управување со залихите, усогласување на производството со потрошувачката, можност за брзо повлекување на производ со "грешка", јакнење на позицијата на сопствениот бренд, со што стануваат поконкурентни на светските пазари.

По повод Промоцијата на пилот проектот, GS1 Македонија издаде посебна брошура посветена на GS1 DataBar-от, која беше поделена на сите присутни на настанот. Брошурата може да ја превземете на следниов линк.






## *Искуства на учесниците во Пилот проектот*

# Млекара АД Битола




**Игор Ивановски**
координатор на категорија производ

Почитувани реформатори на пазарот во Република Македонија. Реформатори, бидејќи ние учесниците во Пилот проектот веќе вложивме, а некој од Вас присутните планираат да вложат средства и труд да овој проект навистина заживее во Република Македонија на задоволство и во интерес на сите. Млекара АД Битола во овој проект се вклучи од повеќе причини. Прво, нашата компанија е најстара млекарница во Републикава и од секогаш била предводник на новините на пазарот и напредните идеи и технологии. Второ, посебен акцент во нашето работење ставаме на следливоста на производите. Ние имаме сопствен систем за следливост со кој производите се следат по серии и датуми, но со Пилот проектот сметаме дека тој систем сме го подобриле. На крај како трето, за нас многу важно е да создадеме еден попартнерски однос со маркетите, да се избегне прелепувањето на нашиот веќе баркодиран производ. Секој од нас настојува да направи совршен дизајн за производот и ако врз него во маркетот се прелепуваат лепенка врз лепенка, целиот тој труд се уништува, а кај крајниот потрошувач се јавува сомнителност, што се крие зад прелепувањето. Затоа искрено се надевам дека исто како во Веро и во другите маркети овој Пилот проект со тек на време ќе заживее за добробит на сите а сепак е најважно крајниот корисник да биде задоволен.

# Идеал Шипка ДООЕЛ Битола




**Кристина Панајотовиќ**
раководител на трговска марка

Како компанија во изминативе години најголемо внимание посветивме на модернизацијата на производството. Потврда за тоа е нашето ребрендирање и влегување во семејството Лакталис, најголема млечна индустрија во светот. Денес македонските сирења и кашкавали произведени во млекарата Идеал Шипка стануваат дел од понудата на производи на Президент. Со тоа производите нема да изгубат од својата автентичност, квалитет и вкус, туку ќе добијат меѓународна препознатливост што ги отвора патиштата за пласман на европските пазари. Во овој Пилот проект влеговме бидејќи ги користиме, поддржуваме и прифаќаме во нашето работење GS1 стандардите како светски стандарди со кои се подобрува работењето. Нашата компанија располага со мерни уреди од новата генерација на ваги со кои може да се генерираат и баркодови од новата генерација, поточно GS1 DataBar-от.

Присутните проследија и видео запис, како проект на компанијата, посветен на квалитетот и автентичноста на македонските сирења и кашкавали кои Шипка во иднина ќе ги пласира на светските пазари под брендот „Президент“ (Président).

## ИМП Солета ДООЕЛ Скопје



**Ивана Илијоска**
директор за производство и логистика

Во нашата компанија големо внимание посветуваме на следливоста на производите од самата набавка на суровините до производната линија преку дистрибуцијата до продажба. Целокупната палета на производи на "СОЛЕТА" се HACCP сертифицирани со сертификат валиден и конкурентен во земјите на ЕУ. Во 2012 година имплементиравме нов информационен систем во кој го интегриравме и воведениот HACCP систем. Паралелно со тоа воведовме и GS1 стандард во комплетна хиерархија на пакување: GS1 DataBar за производ, GS1-128 за кутија (пакет), а планирано е SSCC да се воведе во 2014 година. Со тоа воспоставивме автоматизиран процес на прием и издавање роба со што сме сигурни дека сме направиле чекор напред за нашата компанија.

## Промес ДОО Скопје



**Митко Ќосев**
еден од основачите и сопственициte

Производството во Промес се одвива по најсовремена технологија, по строго пропишани рецептури и начин на производство. Производите на Промес се сертифицирани со HACCP. Во нашиот информационен систем, од секогаш сме ги следеле лотовите и датумите за рок на употреба кај суровините. Со GS1 DataBar-от, таа следливост во секое време ја имаме и кај готовиот производ, што е многу важно за нас.

Македонија е релативно мал пазар, ние имаме квалитетен производ, кој што сега е означен по светски стандарди, кои се бараат на европскиот и светскиот пазар. Со тоа ни се отвараат нови можности и предизвици. Само со следење на нови технологии и воведување на светски стандарди, како што е и GS1 стандардот, може да се дојде до успех и просперитет на секоја компанија.

## Веропулос ДООЕЛ Скопје




**Georgios Vasiliou,**
заменик генерален директор

Производите што се продаваат во Веро не само што мора да ги исполнат сите стандарди за квалитет пропишани со закон, туку често мора и да ги задоволат многу построгите стандарди на нашата компанија. Во таа насока, Веро ги препозна потребите на пазарот за кодификација на производите и услугите и следејќи ги препораките за прифаќање на GS1 DataBar-от на сите наплатни места во Европската унија од 2014 година, отпочна со процес на интегрирање на нова генерација баркодови на своите производи. Со тоа Веро има производи означени по светски стандарди, поголема контрола на залихите, следејќи ги производите по лот и датум на рок на траење, што ни обезбедува уште поголема доверба кај потрошувачите, како и можност за следење на производите до каса, атрибутите на производите, лесно повлекување на производи со “погрешен” лот и многу други придобивки. Со мотото “Купувачот е нашиот шеф”, тимот од 800 вработени ја реализираат стратегијата на Веро за најдобар избор, најдобри цени, најдобра услуга и пософистициран начин на пазарување.

## Сигма СБ ДООЕЛ Скопје




**Славчо Бујаровски,**
директор

Соработката со GS1 започна уште во 2011 година кога на работилниците кои ги организираше GS1 Македонија успеавме низ практични примери барем малку на учесниците од млечната и месната индустрија да им ја доближиме материјата за GS1 DataBar-от. GS1 симбологијата е светски стандард со кој по строго пропишани правила се генерираат баркодови за означување на производи, транспортни кутии и палети. GS1 како стандард е основа за меѓународна размена на податоци, каде што сите учесници во тој синџир ќе се разбираат, ќе зборуваат на ист јазик, тоа е GS1. Ние важноста на GS1 системот навреме успеавме да ја детектираме и сите препораки и сугести на GS1 ги вметнеме во нашите ERP решенија. За нашите клиенти Солета и Промес примарна цел е следливоста и безбедноста. Од таму за нас беше предизвик да овозможиме од една страна самиот процес на означување на производите да биде едноставен и многу брз, а од друга страна да обезбедиме гарантиран квалитет и елиминација на грешки при тоа означување. Тоа го постигнавме со GS1 стандардот. Преку нашето ERP решение во кое го интегриравме и воведениот HACCAP и GS1 стандард во хиерархија на пакување, на нашите клиенти им овозможивме екстерна и интерна следливост, од производна линија до самото наплатно место во нивните малопродажни објекти.

# Ултранет Ултра ДООЕЛ Скопје




**Николче Петров,**
тим лидер

За овој Пилот проект направивме доработки и прилагодување на постоечкиот информационен систем на Веро. На централно ниво е изработен “Регистер на забранети лотови”. Податоците во тој Регистер на забранети лотови ги внесуваат и одржуваат вработените на Веро. Изготвени се процедури со кои се врши синхронизација на податоците до сите маркети и до секоја каса од маркет поединечно. Направивме и апликација Каса, поточно изработен е модул за процесирање на отчитаниот GS1 DataBar, по правилата на GS1, и со негово парсирање се влечат сите податоци: GTIN, нето тежина, датум употребливо до и лот, односно битните атрибути за безбеден производ. При читањето на каса на GS1 DataBar-от, се споредува лотот кој е содржан во него со лотовите во Регистерот и доколку тој лот е забранет, на екранот вработениот на каса се предупредува дека производот треба да се повлече од продажба. Истото се случува и со производот со изминат рок на траење. Софтверското решение кое го изработивме врши споредба и предупредува на каса, со што автоматски производот се повлекува од продажба. Во двата случаи е воспоставен механизам со кој е направена максимална заштита на потрошувачот што е многу важно за нашиот клиент.

**Повеќе детали за Пилот проектот, учесниците и промоцијата може да најдете на следниве линкови:**

- **Што ќе се случи во 2014 година?**
- **GS1 DataBar низ светот**
- **Публикација “Р”еволуција на наплатните места**
- **Фото галерија од настанот**


GS1 Македонија
Ви посакува
Среќни Новогодишни
и Божиќни празници
GS1
MACEDONIA
GS1
40 YEARS OF
THE GLOBAL LANGUAGE OF BUSINESS